Маргарита ПЕШЕВСКА УДК: 32.001.73(4-11)„1944-"

# ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ИСТОЧНА ЕВРОПА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

***Кратка содржина***

*По Втората светска војна, како резултат на борбата за политичка превласт и доминација на големите сили на меѓународната сцена, Европа беше поделена на две сфери на влијание. Од едната страна се наоѓаа западните земји, а на другата СССР кој благодарение на учеството на Црвената Армија во ослободувањето од нацизмот и фашизмот во повеќе источноевропски земји создаде посебна сфера на својата политичка и економска доминација. Таму беа формирани држави со нови политички и економски односи во кои постепено се воведе советскиот модел на општесвено-економскиот развој и еднопартиската политичка власт. Економското назадување и нарушувањето на човековите права и слободи доведе до повеќекратни немири во овие земји, а при крајот на осумдесеттите години на XX век, тие влегоа во нов историски транзиционен период.*

***Клучни зборови:*** *ИСТОЧНА ЕВРОПА, СОЦИЈАЛИЗАМ, КОМУНИЗАМ, КОМУНИСТИЧКИ ПАРТИИ, ТРАНЗИЦИЈА.*

По Втората светска војна светот повеќе не личеше на оној предвоениот. Беше спуштена „железната завеса" која постави идеолошки и политички бариери во целосното интегрирање на Европа, се до последната деценија од XX век.

Кон крајот на XX век се случија крупни промени во политичката карта на Европа и крупните поместувања на геостратешки план на стариот континент. Додека се зајакнуваа интеграциските процеси во Западна Европа, Источна Европа се дезинтегрира. Колапсот на државниот социјализам, што предизвика драматични промени, ги зафати особено земјите членки на Варшавскиот пакт. Михаил Горбачов доаѓајќи на чело на СССР сфатил дека земјите на Источна Европа економско и воено ја исцрпуваат земјата, па одлучил да ѝ овозможи на секоја земја да тргне по сопствен пат. Во говорот пред

ООН во 1989 година, Горбачов вети дека на Источноевропските држави ќе им дозволи сами да избираат пат кон својата иднина. Тој истакнува: „Слободата на изборот се универзални принципи"[1]. Ова било поткрепено со изјавата: мораме да го надоплниме изгубеното време, а тоа бара брзо темпо на промени.[2]

Џорџ Буш истакнува: „дека 1989 година ќе биде запаметена како година кога човечкиот дух се издигнал и бил потикнат со храбри и горди дела на двата големи народи во Полска и Унгарија".[3]

Паѓањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година значеше повторно интегрирање на двете германски држави. Истовремено со тоа, симболично беше означен падот на социјализмот, новото обединување на Европа и почетокотот на новата европска историја.

Создавањето на две Германии е резултат на одлуките кои ги донесоа сојузниците на Антихитлеровската коалиција на Конференцијата во Потсдам. Оправдување за тоа било дека оваа поделба, на Германија нема да и дозволи да стане јака сила и да предизвика евентуално нова војна. На Потсдамската конференција, Германија е поделена на четири окупациони зони (американска, британска, француска и советска). Тие биле под команда на големите сили. Бил избран и Совет со седиште во Берлин.[4]

СССР во источниот дел од Германија извршил револуција одозгора, со што го променил општествено-политичкиот систем без изјаснување на народот. Во 1946 година се формирани советски акциони друштва кои требало да работат за СССР на име на исплаќање на репарации. Овој систем се состои од 213 претпријатија кои работеле под контрола на Советите, кои пак не дозволувале западните земји да се мешаат во нивната работа.

За разлика од источниот дел, западните сојузници вложувале големи средства за обнова на стопанството. Заострувањето на односите меѓу СССР И САД, со почетокот на студената војна, придонесе кај Американците да се појави мислење дека во идниот судир Гер-

---

[1] У врлу нову деценију. - Newsweek. (Цитирано според: НИН (Белград) бр. 2035 (31 декември 1989), 64.

[2] Ibidem.

[3] Radio slobodna Evropa 1989, (Според: Ivan Berend, Centralna i Istočna Evropa (1944-1993). Podgorica 2001,323/4.

[4] Целта на овој Совет била да се укине нацизмот и да се создадат услови за демократско уредување Но, веднаш по војната избила криза за прашањето околу работата на Советот. Имено, Советот немал никакаво влијание, зошто командантите работеле секој по своја волја. Претставниците на американскиот, францускиот и британскиот дел се определил за изградба на капитализам, додека оние во советскиот дел за социјализам.

манија може да има голема улога во одбраната на Европа. Затоа, тие презеле чекори за поврзување со оваа земја. На состанокот од 28 август 1947 година, било решено да и се помогне на Германија со финансиски средства за обновување на стопанството за да постигне 95% зголемување во однос од 1938 година. Овој дел е опфатен и со Маршаловиот план и од окупациски систем полека се претворил во однос на пријателство и соработка.

На Потсдамската конференција било решено поделбата на Германија да биде на одредено време. Американскиот претседател Хари Труман им предложи на четирите земји кои го спроведуваа окупацискиот систем да склучат договор според кој се предвидува демилитаризација на 25 години. Но, Советите го одбиле тоа, што од Запад е оценето дека имаат намера да воведат комунизам во цела Германија.[5]

Пролетта 1947 година, во Москва се одржа состанок на министрите за надворешни работи на четирите земји заинтересирани за Германија. Советскиот министер за надворешни работи ги обвинил западните земји дека сакаат да ја милитаризираат Германија и дека Советите не сакаат да дојде до обединување, и источниот дел да се припои кон западниот. Било заклучено дека двете страни имаат намера да формираат од Германија две самостојни држави.[6]

Откако пропадна идејата за создавање на единствена управа во Германија, на 1 мај 1947 година од американската и британската зона беше создадена т.н. Бизонија. На состанокот одржан во Лондон на 6 март 1948 година министрите за надворешни работи на САД, Велика Британија и Франција, решија трите окупациски зони да се обединат[7]. Во западната зона е создадена Врховна сојузничка команда и на 21 септември 1949 година е прогласена Сојузна Република Германија. Велика Британија, Франција и САД во 1951 година објавија дека престануваат непријателствата со Германија, а во 1952 година е укинат окупацискиот режим.

---

[5] Charles Bohlen, Svjedok povjesti. Zagreb 1973,206/7.

[6] Ibidem, 266.

[7] Тогаш тие се одлучиле за спроведување на реформи и промена на валутата. Веднаш потоа германските индустријалци се рехабилитирани и им се вратени предходно одземените фабрики. Почна да се интензивира вложувањето на средства во стопанството. До 1951 година САД внесуваат 3,2 милјарди, Велика Британија 680 милиони и Франција 15,7 милиони долари. Западните сојузници извршија промена на валутата на 17 јули 1948 година со цел да се дојде до побрз развиток на стопанството на Германија. (Предраг Милојевић, Берлин шта је све у питању. Београд 1961, 11).

СССР на оваа политика на западните земји одговори со напуштање на Сојузничкиот контролен совет кој, дефинитивно се распаѓа на 20 март 1948 година. Во оваа зона на 7 октомври е формиран парламент. Но, Советите се повеќе ја наметнуваа власта над германските административни органи.

На тој начин по војната се создадени две германски држави со различни општествени уредувања, Западна или Сојузна република Германија со капиталистичко и Источна или Демократска Република Германија со социјалистичко уредување. Со тоа, на територијата на Германија се судрија интересите на двете големи сили САД и СССР. Како резултат на оваа ситуација во 1948 година избива Берлинската криза која му се заканува на светот од нова војна. Во јуни 1948 година во Берлин избиле масовни штрајкови, против кои интервенира советската армија.

Подоцна советското раководство направило уште една грешка со изградба на Берлинскиот ѕид. Бидејќи во периодот од 1945-1961 година од источниот дел во западниот, избегале 3.300.000 луѓе, за да го запрат пребегувањето, Советите решија да го изградат Берлинскиот ѕид, под изговор дека на Запад се одливаат голем број кадри, со што се прави голема штета на Демократска Република Германија. Наредба за изградба на ѕидот дал Валтер Улбрихт кој тогаш е генерален секретар на Партијата. Иако, тогашниот лидер на 15 јуни 1961 година изјави дека нема никој намера да гради ѕид, под притисок на СССР на 13 август истата година ѕидот почнува да се гради. По зборовите на Валтер Улбрихт, дека почнала да се гради антифашистичка заштитна бариера.

Во текот на 28-годишното постоење на ѕидот, имало многу жртви, од луѓе кои се обиделе да ја напуштат Источна Германија. Прва жртва е дваесет и четиригодишниот Гинтер Литфин, кој е застрелан кога се обидел да ја преплива реката Шпреј.

Кон крајот на 80-тите години, Запад им ветува на замјите на Источна Европа дека широко ќе ги отвори вратите, за да можат нивните народи слободно да се движат кон развиениот капиталистички свет. Тоа ги потикна Германците од Источна Германија да го забрзаат процесот за обединување. Ваквите стремежи се манифестирале со постојани тензии предизвикани од назадоволството на населението.

По цела Источна Германија во 1989 година избија масовни демонстрации, кои се интензивирале во октомври. Властите презедоа мерки да ги загушат овие немири. За таа цел, против демонстрантите

биле испратени 85.000 полицајци кои не можеле ништо да направат за да ги смират демонстрантите чии број постојано растел. Употребени се полициски сили од Дрезден, Берлин, Лајпциг и Потсдам. Тие не успеаа да ги загушат демонстрациите, туку предизвикаа почеток на општо востание. Властите не можеле во овој период да сметаат на испраќање на војски од СССР за помош, па единствено решение било власта да се повлече. Тоа довело до повлекување на Енрих Хонекер од „здравствени причини“.[8] На 7 ноември паѓа власта на Источна Германија. На чело на Германската комунистичка партија доаѓа Егон Кренц, кој воедно е и последен шеф на паријата и државата. Тој дозволи слободно да се патува на Запад. Но, голема пречка за обединувањето на Германија претставувал Берлинскиот ѕид. Се почесто се поставувало прашањето кога ќе се руши ѕидот. Прв сигнал дава партискиот шеф на Источен Берлин, Гинтер Швабовски, кој на една прес-конференција на прашањето кога ќе се пушта ѕидот, тој одговара: „Токму сега“. Со тоа комунизмот тргна кон својот последен пат во историјата. Овие зборови ги потикна граѓаните на Берлин, на 9 ноември 1989 година во 23 часот да се упатат кон ѕидот за да го рушат. Тоа е проследено со еуфорија од граѓаните од градот и од други места. Целиот свет ги следи настаните во Берлин. Тие еуфорични денови околу 5 милиони Источно Германци го посетиле западниот дел од Берлин. Во тоа време никој не можеше да го запре обединувањето на двете Германии.

Процесот кој се случуваше е забрзан од западногерманскиот канцелар Хелмут Кол и советскиот претседател Михаил Горбачов. Тие се два државници кои направиле многу повеќе од било кои државници во повоениот свет. Овој настан според зборовите на министерот за надворешни работи на СССР, Едвард Шеварнадзе е пресвртница во светската историја.

На 3 декември 1989 година, Кренц поднесува оставка од Политбирото и Централниот комитет. Кренц беше на чело на Источна Германија само три месеци пред промените, кога дотогашниот лидер Валтер Улбрихт е исклучен од Партијата. Едвард Хонекер е обвинет за стотици мртви Германци кои беа убавани на Берлинскиот ѕид при обид да преминат во Западниот дел. Тој до крај остана верен на комунизмот и не бил воопшто заинтересиран за било какви реформи. По смената се бара Улбрихт да биде изведен пред суд, но тој заминал во

[8] Ivan Berend, Op. cit., 335.

Москва. Во 1993 година се враќа во обединета Германија, но по повторно поставување на прашањето да му се суди, тој оди во Чиле, каде и умира.[9]

Транзицијата ги сруши политичките митови и ги потемни револуционерните легенди. Така многу лидери како Хонекер, Улбрихт заминат од политичката сцена по долгогодишно владеење. Нивниот углед пред својата нација бил нарушен. Против последниот комунистички лидер на Источна Германија, Егон Кренц, е отворена постапка со обвинување дека е виновен за убиени Германци кои се обиделе во негово време да преминат од Исток на Запад. Заедно со него се обвинети и членовите на Политбирото Гунтер Клајбар и Гинтер Швабовски. По завршување на судскиот процес, судот му утврдил казна затвор и тоа на Кренц шест години, а на Гинтер Клајбар и Гинтер Швабовски по три години.

На 3 декември 1990 година, се обединува Германија при што околу 3 милиони луѓе од двете страни на Бранденбуршката порта и Рајхстагот го славеа исчезнувањето на една држава во Европа, Демократска Република Германија. Паѓањето на ѕидот претставува пресвртница по 28 годишно постоење, кога почнаа промените во земјите на Источна Европа. Овие промени имаа влијание на глобалните случувања во светот.

Голем чекор напред е направено кога советскиот претседател изјавува дека вака обединетата Германија нема ништо против да влезе во Северноатланскиот-НАТО пакт. Од друга страна Хелмут Кол и другите развиени земји ја подржуваат перестројката во СССР. Тие му верувале на Горбачов дека ќе пружат помош за продолжување на реформските зафати. Членките на НАТО набрзо потоа изјавуваат дека СССР не го сметаат за противник.

Според договорот меѓу Горбачов и Кол е предвидено советските трупи набрзо да се повлечат од Германија. Обединета Германија се откажа од производство на нуклеарно, биолошко и хемиско оружје. Германија и СССР ги гарантирале западните полски граници. Со ова е создадена нова Германија и нова Европа.

Овие промени во Германија повлекоа со себе низа промени во останатите земји, таму се сменети раководствата кои со децении биле на власт. Годините 1989 и 1990 се вбројуваат во поважните години од XX век. Тоа се години кога комунизмот го доживеа колапсот, се

---

[9] Ibid.

сруши „железното перде“ и заврши дефинитивно студената војна. Во тие години паѓа државниот социјализам, кој опфаќа поголем дел од Земјата. Овој државен социјализам се распаѓа во земјите на Источна Европа и СССР.

Во обединета Германија процесот на транзиција се одвива бавно. По обединувањето некои работи веднаш станаа заеднички. Тоа беа програмите по историја во училиштата, марката стана заедничка валута, во надворешен план се настапува под исто знаме, а берлинското метро заеднички се користи. Сепак во Германија има големи социјални и економски поделби. Западните Германци имаат голема финансиска моќ. На исток бројот на невработените постојано растел, голем број фирми пропаѓаат поради неконкурентност. Иако, се вложени огромни средства во инфраструктурата не може да се постиге изедначување во двата дела. По еуфоријата од 9 ноември поголема тежина добиваат зборовите на градоначалникот на Берлин, Момпер, дека: „Берлин и понатаму е поделен, само што луѓето не се разделени со ѕид“.

Како резултат на продорот на Црвената Армија при крајот на Втората светска војна е создадена поширока зона на советското влијание, така што покрај во дел од Германија и во други источни земји постепено се воведува социјализмот. Во земјите каде влезе Црвената Армија најпрво беше востановена еден вид повеќепариска власт во форма на т.н. народна демократија (или народнофронтовски режими) која некаде во 1948 година преминува во диктатура на пролетеријатот, односно во копирање на советскиот модел на општесвено-економскиот развој. Меѓу овие држави, кои се до крајот на деведесеттите години и покрај бројни обиди не успеја да го срушат советскиот систем, беа Чехословачка, Полска, Унгарија, Бугарија, Романија.

Така, веднаш по Втората светска војна во Чехословачка била формирана влада на Националниот фронт, во кој влегуваат членови на повеќе партии. Под влијание на СССР, во владата се јавиле спротивности и надворешни сугестии и тоа меѓу граѓанските политичари, кои се залагаа за врски со Запад, и комунистите, кои се залагаа за блиски односи со СССР. Несогласувањето во 1948 година прерасна во криза. Граѓанските партии сакаа да ја истиснат КП од политичката сцена, пред сè од службите за безбедност. Комунистите помогнати од армијата и полицијата извршија преврат, а пратениците од граѓанските партии мораа да се повлечат од владата. Претседателот на

владата Едвард Бенеш поднесе оставка, а на негово место бил поставен Клемент Голтвалд. Од предходната влада останал Томас Масарик, кој нешто подоцна извршува самоубиство. Наскоро политичарите кои не се сложувале со овие промени се сменети од власт, а на нивни места се поставени комунисти. На 11 јули 1960 година, е изгласан Устав со кој државата го добива името Чехословачка Социјалистича Република.

Во 1989 година, под притисок на јавноста, повторно се легализирани различни политички партии, кои на првите повеќе партиски избори ја истиснале КП Чехословачка. Инаку обиди за демократизација на системот беа направени уште во 1968 година, но за жал тие беа угушени со интервенцијата на советската армија. Така беше угушен силниот револуционерен бран и привремено запрен процесот на десталинизација и либерализација.

Наредните години иако е употребувана сила процесот продолжи да се развива. Носител на идеите е движењето за човекови права наречено „Повелба 77". Во почетокот движењето не се определило да му нанеси удар на комунистичкиот режим, туку да бара конструктивен дијалог со властите за промени во државата. Движењето побара од чехословачката влада да се придржува на светските акти за човекови права. Ова движење во почеток било подржано од 242 видни јавни личности. Меѓу личностите на ова група се и водачите на т.н. „мека" или „кадифена" револуција. Тоа се Александар Дубчек, Вацлав Хавел, Динстбир, Шабрт, Палоуш и др. Притисокот кој се вршел однатре, бил помогнат однадвор од Михаил Горбачов, кој ги овозможи демократски процеси во Чехословачка.

Повлекување на претседателот Густав Хусак од претседателската функција во декември 1989 година, значело крај на комунизмот во Чехословачка. Хусак во шеесеттите години беше заменик премиер и тогаш се залага за либерализација на земјата кое е познато како „прашка пролет". Но, кога СССР интервенира во име на Варшавскиот пакт, тој го смени својот став и се придружи на противникот. Тоа негово прегрупирање ќе му овозможи да стане важна личност во политичкиот живот. Во 1969 година е избран за шеф на Комунистичката партија, а од 1971 година и шеф на државата. Во 1987 година се откажа од лидерството и местото му го отстапи на Миклош Јакеш. Но, бидејќи во земјата расте расположението за промени, Јакеш како тврдокорен комуниста, морал да се повлече заедно со многу комунисти. Тогаш почнаа преговори со опозицијата

на чело со Вацлав Хавел. Била формирана нова влада на чело со Марјан Чалфа. Александар Дубчек како учесник на „прашката пролет“ е избран за претседател на парламентот, а Вацлав Хавел за шеф на државата.

На вонредниот конгрес на Комунистичката партија на Чехословачка, одржан во 1987 година, во една резолуција е упатено извинување до народот поради грешките кои се направени во времето на Сталин, потоа за колективизацијата и насилната приватизација, за цензурата во културата и др. На овој конгрес КП Чехословачка се откажа од демократскиот централизам и овозможи дејство на фракции и го отфрли принципот на единство.

Во 1990 година избиваат демонстрации во Братислава за одвојување на Словачка. Иако само 5% од населението се искажало за самостојна држава, е формиран Национален совет за ослободување на Словачка. Набрзо потоа, по мирен пат, од Чехословачка е одвоена Словачка, со што беа формирани две држави Чешка и Словачка.

Во овие бурни настани за Чехословачка пресудна улога одигра писателот-драматург Вацлав Хавел.[10] Тој стана метафора на транзицијата во Источна Европа. Тој се јавува како водач на бурните настани во Прага. Поради добро пишување на есеи, и поради угледот што го имал во странство ги стекна симпатиите кај населението. Со својата харизма им овозможи на Чесите и Словаците мирно да се простат и да се формираат две држави. Тоа им овозможи овие две држави подоцна да се приклучат кон Европската унија.Во периодот кој следи во Чешка и Словачка се привлечени поголем број на инвеститори, да ги одржаваат стабилни политичките институции и да ужива голем рејтинг надвор.

Посебно трауматично, времето на социјализмот било доживеано од граѓаните на Полска која, според договорот на Конференцијата во Јалта припадна во советската сфера. Советите во почетокот ветија дека во Полска ќе се оддржат слободни избори, кои постојано се одложувани. Во овој период Западните сојузници од Антихитлеровската коалиција, му дозволиле на СССР да ги прошири своите граници на исток за сметка на Полска, а таа се помести на запад за сметка

[10]Тој потекнува од богато семејство. Многу млад почнува да се занимава со писателска дејност. Уште од 1968 година се залага за повеќепартиски живот. Тој во своите дела ги напаѓа властите, па е неколку пати затворан. Се залага за мирен отпор против власта. Тој е еден од подготвувачите на „Повелбата 77“ и помага да се дистрибуира, па е затворен. Властите го обвинуваат дека во своите дела и се потсмева на бирократијата.

на Германија се до линијата Одра-Ниса. Полска и СССР, на 21 март 1945 година склучија договор за пријателство и меѓусебна помош. На изборите распишани во јануари 1947 година за Сејмот (полскиот парламент), победува т.н. Демократски блок, во која влегуваат Полската работничка партија, Селската партија, Полската социјалистичка партија и Демократската партија. Во 1948 година се обединија Полската работничка партија со Полската социјалистичка партија во Полска обединета работничка партија, која има главна улога во политичката сцена. Централниот комитет на оваа партија на VIII пленум ја критикува сталинистичката политика. Тогаш на чело на Партијата застанал Владислав Гомулка. Тој во 1949 година во време на сталиновите чистки е сменет од раководството на партијата.Таа, после успешна реорганизација на партискиот и државен апарат добила на наредните избори од 1957, 1961 и 1965 година.

Полска има и надворешно-политичко влијание во светот преку предлогот на нејзиниот министер за надворешни работи А. Рапацки кој на ООН го предал планот за создавање на безатомска зона во Средна Европа. Полска и СССР во 1965 година, потпишаа нов договор за пријателство и взаемна помош, со што се потврдува дотогашната зависност на Полска од СССР. Против овој договор во 1968 година избија нереди што доведе под притисок на СССР да се изврши промена во партискиот и државниот врв.

Нови нереди биле потикнати од едно поголемо покачување на цените во декември 1970 година пред божичните празници. Тоа доведе да избивање на масовни штрајкови во Гдањск и други полски градови..

Полска доживеа полет во време на владеењето на некогашниот рудар кој бил и партиски шеф во Катовице, Едвард Гјерек, кој во 1970 година го замени Владислав Гомулка. Тој е принуден да се повлече од власта, кога Полска е опфатена од големи безредија поради поскапување на прехрамбените продукти. Во овие безредија загинаа четириесет Полјаци. Кај Гјерек се чуствува големо влијание од Запад. Поради прозападната ориентација на Гјерек, Полска доби лиценца на автомобилите „Фијат“. Исто почнале да се увезуваат трактори од Велика Британија и автобуси од Франција. Тој постигна и компромис со римокатоличката црква. Во негово време се случи посетата на римскиот папа Јован Павле Втори на Полска.

Поради нови немири поради зголемување на цените на прехрамбените продукти, во 1980 година Едвард Гјерек е сменет од влас-

та. Центар на штрајковите е бродоградилиштето Гдањск. Формиран е штрајкувачки одбор на чело со Лех Валенса. Наредните денови кон штрајкувачите од Гдањск се приклучуваат вработените на други полски градови и бодоградилишта. Владата е принудена да испрати делегација која ќе преговара со штрајкувачите.

На 17 септември 1980 година во хотелот „Морски" во Гдањск, е формиран синдикатот „Солидарност" на чело со Лех Валенса.[11] Името го предложил Карол Модзелевски, кој е еден од првите дисиденти. Тоа е прв независен синдикат во Полска и воопшто во советскиот блок. Веднаш по создавањето на „Солидарност", синдикалците од цела земја ги напуштија т.н. „службени" синдикати и се приклучиле кон овој синдикат.

Во овој период Едвард Гјерек е сменет од функцијата генерален секретар на Комунистичката партија на Полска и на негово место е поставен Војтех Јерузелски.[12] Тој бил министер за одбрана и е избран за генерален секретар и премиер. Тој успеал во 1970 година да ги угуши штрајковите во Гдањск и Шчечин. Тогаш загинале 45 лица, а 1.165 се ранети. Јерузелски барајќи оправдување за она што го направи во 1970 година често истакнува дека ја спасува Полска од воена интервенција од СССР.[13]

Кон крајот на 1981 година кога нередите кои Полска ја доведоа до безвластие, постоела можност од надворешна интервенција од страна на СССР. Тогаш на власт во СССР е Леонид Брежњев, кој

[11] Валенса бил техничар по професија. По завршување на основното образование почнува да учи занает. Работи во пристаништето Гдањск. Тој е многу религиозен. По говорот пред работниците на пристаништето тој е истеран од работа.Тој во 1980 година го основа синдикатот „Солидарност" и застанува на чело на Полјаците во нивната борба за независност. По рушењето на социјализмот тој е претседател на Полска.

[12] Потекнува од богата аристократска фамилија. Кога Полска е нападната од Германија, тој со семејството оди во Литванија. Потоа Советите го депортирале во Сибир, каде работи присилна работа. Таму останал три години и се разболува од снежно слепило. Во 1944 година се враќа во Полска како офицер на Полската армија формирана од Сталин. Ова му послужува за успешна војничка кариера. Во 1956 година станал генерал, а во 1968 година и министер за одбрана.

[13] Меѓу другото, тој вели: „Вистинска цел е да се предизвика самата идеја, врз која се засниваше транзицијата на Полска кон демократија, на политички компромис со поранешните комунисти и отсуство на казна. Постои радикална политичка група, која ја сочинуваат радикални католички националисти и уште поважно конзервативни елементи во рамките на владеачката коалиција 'Солидарност' која секогаш настојувала да ги казни комунистите. Тоа е карикатура на правдата, гласи нејзиниот аргумент, што на некој од некогашните советски колаборанти, кои ја презедоа контролата врз Полска, им е дозволено да вршат актуелна функција". (Јерузелски-предавник или патриот. „Економист". – Утрински весник (Скопје) 16 мај 2001, 13).

цврсто ја држи власта во Москва. Постоела можност според доктрината дека СССР може да интервенира во секоја земја на Источна Европа, кога ќе бидат загрозени неговите интереси. Во тоа време уште се свежи интервенциите во Будимпешта и Прага. Под голем притисок на СССР, Јерузелски подготви преземање на власта од страна на армијата. Комунистичката партија и армијата вовела воена состојба. Во Варшава се најдоа тенкови, а поголемите градови се отсечени, со цел да се запри комуницирањето меѓу нив. Во исто време се прекинати и телефонските врски, воведен е и полициски час. На иницијатива на Јерузелски во 1981 година е донесен воен закон и забранет синдикатот „Солидарност". Повеќе од половина граѓани на Полска сметале дека потегот на Јерузелски е правилен и дека со тоа е избегната советска интервенција.[14]

По забраната на синдикатот „Солидарност", Лех Валенса застанува на чело на т.н. Цивилен комитет. Бидејќи од мерките кои биле преземани не се смирила ситуацијата, Јерузелски во 1988 година бил принуден да преговара со Лех Валенса. Преговорите дале позитивни резултати, бидејќи е постигната согласност за давање на политички и граѓански слободи, повторно легализирање на „Солидарност". Постигната е согласност за распишување на слободни парламентарни избори во 1989 година. На изборите победува „Солидарност" со 99 од 100 места во Сенатот и една третина во Сејмот. Во август 1989 година на власт доаѓа влада на чело со Тадеуш Мазовјецки, кој на 24 август стана премиер. Тој е прв премиер, кој застанал на чело на една држава која е под влијание на СССР, а не бил комунист.

Тивката трансформација се одвива и во наредните години. По оставката на Јерузелски за претседател на Полска е избран Лех Валенса кој победува на претседателските избори во 1990 година. Кога доаѓа на власт Лех Валенса почна да отпушта од работа штрајкувачи и припадници на синдикатот „Солидарност". Неговиот близок советник Адам Михњик го споредува со Јулиј Цезар и тој се плаши да не спроведе диктатура по примерот на Хуан Перон во Аргентина. Затоа на наредните претседателски избори не е избран, а на негово место доаѓа Александар Квашњевски.

При крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години и други земји тргнуваат по патот на транзицијата и се ослободуваат од сталинистичките системи.

---

[14] Ivan Berend, Op. cit., 307.

Во Албанија, партиското раководство сметало дека треба да се извршат промени во рамките на социјализмот. Албанското раководство е против реформите и нив ги оценило како повторно враќање кон капитализмот. Главна личност со која почнува падот на комунизмот беше Рамиз Алија. Тој по смртта на Енвер Хоџа во 1985 година застана на чело на Комунистичката партија на Албанија. Периодот на владеење на Енвер Хоџа е одбележан со автократски систем на владеење и долгогодишна изолација на Албанија од надворешниот свет. Рамиз Алија истакнува дека: „Социјалистичка Албанија, секогаш била и останала самостојна и суверена во сè... Социјалистичиот пат по кој одиме е наш сопствен избор и не ни е наметнат... Кризата која ги зафатила земјите на Исток е криза на конкретните заедници, а не криза на социјализмот... Во согласност со тие настани кои таму се одвиваат нас воопшто не не интересираат."[15] Тој овај став ќе го застапува и со изјавата: „никогаш нема да дозволиме да слабее водечката улога на нашите марксистички-ленинистички партии... поради т.н. плурализам кој ни го нуди буржоазијата."[16] Овај негов став предизвикал немири кои почнале во Тирана на 8 декември 1990 година. Наредните денови демонстрациите избиле во Каваја, Драч, Скадар и други места. Против демонстрантите е испратена полиција. Почнале крвави судири кои ги принудиле многу Албанци да ја напуштат земјата и да избегаат во Грција, Италија и други земји.

Студентот по филозофија Азем Хајдари на 11 декември, му предава барање на Рамиз Алија во кое се бара да се воведе повеќепартиски систем. Рамиз Алија го прифатил барањето со што е означен почетокот на рушењето на еднопартискиот систем. Алија е избран за претседател на парламентот. Во почетокот на 1991 година има нови демонстрации на студентите од Тирана, со кои се бара да се смени името на универзитетот кој го носел името на Енвер Хоџа. На 20 февруари истата година 10.000 граѓани на Тирана го срушиле споменикот на Енвер Хоџа на плоштадот кое на симболичен начин го означувало падот на системот што тој го востановил. По ова властите прифатиле да се распишат првите повеќепартиски избори. На изборите од 1991 година победи партијата на Сали Бериша,[17] кој стана прв претседател избран на повеќепартиски избори.

---

[15] Ibid, 324.

[16] Ibid, 326.

[17] Виден албански доктор-кардиолог. Член на КП на Албанија од 1971 година.

Во истиот период со забрзано темпо се одвиваат промени и во Народна Република Бугарија. Тодор Живков, кој за цело време на неговото владеење беше под влијание на СССР, уште со прогласувањето на перестројката на Михаил Горбачов, прогласува „бугарска перестројка". Со неа требало да се извршат економски реформи со кои поголем дел од доходот требало да остане во претпријатијата. Ова „бугарска перестројка" била прифатена на конгресот на партијата во 1986 година, а почнала да се применува од јануари 1987 година. Но, набрзо потоа бугарското раководство го напушта реформскиот курс и почнува да се пресметува со реформаторите во своите редови. Во јануари 1989 година е затворена 13 члена група на дисиденти, а од редовите на Партијата се исфрлени Стојан Михајлов и Чедомир Александров, кои се застапуваа за реформи.

Под притисок на јавноста и граѓаните, во 1989 година Тодор Живков по осумнаесет годишно владеење, дава оставка од местото на Генерален секретар и Претседател на Републиката. Подоцна е отворен судски процес за злоделата кои ги направи во неговото долгогодишно владеење. Тој на овој судски процес е осуден на седум години под обвинување за корупција. Во затвор останува се до 1997 година, до неговата смрт.

По симнувањето на Тодор Живков, Комунистичката партија се преименува во Социјалистичка партија на чело со Петар Младенов, кој во април 1990 година е избран за Претседател на државата. По неколку месеци тој е сменет и е обвинет дека презел брутални мерки против студенските демонстрации. На негово место доаѓа Жељу Желев.

Во рамките на расчистувањето со последиците од комунистичките режими, најкарактеристичен е романскиот случај каде беше убиен претседателот Чаушеску и неговата сопруга. Николај Чаушеску од 1967 година диктаторски владее со Романија и нему му се припишуваат бројните злодела, убиства и невиден терор над луѓето во специјалните затвори и логори. Рушењето на режимот на Чаушеску, т.н. „телевизиска револуција" почна со немирите на унгарското население во Темишвар-Трансилванија. Како повод послужило испраќањето на полиција против унгарскиот свештеник Ласло Токеш кој постојано го критикувал режимот на Чаушеску. Властите од него бараат да ја напушти бискупијата. Против оваа одлука на властите истапи населението во заштита на свештеникот. Населението само

го бранело домот на Токеш. Кон демонстрантите Унгарци се приклучуваат и Романците кои не беа задоволни од диктаторскиот режим на Чаушеску. Тајната полиција почнала да пука во демонстрантите при што загинале неколку стотини луѓе. Немирите се прошируваат и во повеќе градови на Трансилванија. Чаушеску сметајќи дека ќе ја добие довербата на народот, на 21 декември 1989 година свикува собир на плоштадот во Букурешт со цел да се осудат немирите на унгарските националисти. Но, граѓаните на Букурешт не застанаа зад диктаторот и бараат тој да се смени од власта. Овој настан го следи и телевизијата. Чаушеску мора да се симне од балконот на зградата на Централниот комитет, а војската крваво се пресметува со демонстрантите. Вечерта немирите ескалираат. На плоштадот се собрани голем број на граѓани, а полицијата морала во темница да пука во демонстрантите. Власта прогласува вонредна состојба по пристигањето на нови демонстранти од предградијата на Букурешт. Војската морала да пука за да ги растури. Но, генералот Василе Милеа одбива да пука кон масите. Демонстрантите ги заземаат сите важни објекти во нивни раце падна и телевизијата. Од таму се вршат директни преноси на настаните. Иако во овие немири се убиени околу илјада демонстранти резултатите биле огромни. Војската и полицијата се приклучила кон демонстрантите и заедно се упатуваат кон зградата на Централниот комитет. Чаушеску заедно со неговата сопруга Елена бегаат од Букурешт. Потоа се спуштиле на едно поле во близина на Букурешт и со автомобил сакале да избегаат. Но, набрзо се фатени и веднаш е организирано судење и убиство пред телевизиските камери. Цел свет го следеше судењето и убиството на двојката Чаушеску.[18]

На власт во Романија доаѓа Јан Илиеску, кој стоел на чело на демонстрациите и бил директен учесник во судењето и убиството на Чаушеску.

Кон земјите на источниот блок припаѓаше и Унгарија, а главна улога во повоениот политички живот има Јанош Кадар лидер на Социјалистичката работничка партија. Во оваа земја кон крајот на 80 тите години беа извршени промени.

Прашањето за промените е поставено на седницата на Централниот комитет од февруари 1989 година, кога се расправало дали

[18] Убиени се на 25 декември 1989 година пред телевизиски камери.

настаните кои се случувале во 1956 година биле „контрареволуција" или вооружено востание против СССР.[19] Во дискусиите преовладало мислење дека тоа е вооружено востание против советското влијание во Унгарија. На овој состанок е донесена одлука дека треба да профункционира повеќепартискиот живот.

Тоа дава повод да се формираат неколку партии. Опозициските и партиите на власт почнале преговори за понатамошни промени во општеството. За овие суштински прашања се дискутира и на тркалезна маса, одржана од јуни до септември 1989 година, на која зеле учество претставници на девет партии. Во исто време почнале и реформите, пред сè во приватизацијата. Овие чекори на реформи наишле на одобрување внатре во Унгарија, а особено високо се оценети од западните држави.

Јанош Кадар од здравствени причини се повлекува од владата во 1988 година. На негово место доаѓа Миклош Немет, кој всушност ги почнува реформските зафати.

Првите повеќепартиски избори се одржани во 1990 година. Предходните реформски зафати овозможија без проблеми да се одржат изборите и да се формира нова влада. На изборите зедоа учество повеќе партии кои се во коалиција на чело со Унгарскиот демократски форум на чело со Јожеф Антал.[20] На изборите победува форумот, а Антал е избран за премиер. Претседател на државата стана Арпад Генц.

Земјите во кои се извршени промените, верувале дека Запад веднаш ќе им даде помош, за да ја остварат својата цел и да постигнат брзо висок стандард како на Запад. Во почетокот „богатите" земји со восхит ги примиле овие промени и ветувале дека ќе помогнат во трансформацијата. Таа реакција им даде надеж на земјите во транзиција дека брзо ќе изградат нов поредок. Голема надеж постои дека тие брзо ќе се примат во Европската унија. Ентузијазмот на западните земји од почетокот на транзицијата, како минува времето, се

---

[19] Дотогаш овие настани во Унгарија се оценувале како контрареволуција.

[20] Потекнува од семејство на висок службеник во времето на Хорти.Татко му уживал голем углед, бидејќи им помогал на Евреите да избегнат испраќање во концентрациони логори. По војната припаѓа на Партијата на малите земјосопственици. Во време на сталинизмот останал изолиран од политичкиот живот. Неговиот син Јозеф бил професор во средно училиште, потоа станува директор на музеј и библиотека за историја на медицината. Тој е интелектуалец кој не бил член на Комунистичката партија. Неговото потекло го привлекло вниманието на видни унгарски интелектуалци, кои го повикале да застане на чело на умерено Конзервативна партија. Тој со учеството го зголемил угледот на Партијата и ја поведе борбата против комунистичкиот режим. Умира во декември 1993 година и е погребан со големи почести.

намалува. Почнаа да се јавуваат разлики меѓу помошта која била ветена и примана. Оваа помош не била доволна во овој транзиционен период. Овие земји требаше да ги освојат западните пазари но, нивните производи по квалитетот и цената не можеа да се конкурентни на Запад.

Новите влади на земјите од т.н. Источна Европа наследија разрушено стопанство. Но, стагнацијата на економијата на трансформацијата продолжува преку падот на животниот стандард, инфлација, задолженоста. Тоа доведе да се сруши краткотрајниот ентузијазам меѓу народите од т.н. „социјалистичка заедница". Оваа ситуација знатно се подобрува во почетокот на новиот век, кога поголем дел од овие земји се примени во Европската унија.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачкоска)*

Margarita PEŠEVSKA

# POLITICAL CHANGES IN THE EAST EUROPE COUNTRIES AFTER THE WORLD WAR TUO

## Abstract

*After the World War Two, as a result of the struggle for political supremacy and domination of the great powers on the international scene, Europe was devided into two spheres of influence.*

*On the one side there were the Western countries, on the other side it was USSR wich, thanks to the participation of the Red Army in liberation from the Nazism and fascism in many East European countries, produced distinctive sphere of political and economical domination. There, were formed countries with new political and economical relations in wich the world model of socially-economical development and one-party political power were gradually established. Economical retrogression and disruption of human rights and liberty lead to multiple disorders in these countries, and at the end of the eighties of XX century, they entered into new historic and transitional period.*

***Keywords:*** *FAST, EUROPE, SOCILISM, KOMMUNISM, COMMUNISTIC, PARTIEO, TRANSITION.*